**Согласно член 44, 45, и 46 од Статутот на Тетекс АД Тетово , а врз основа на Одлуката за свикување на Собрание на акционери на Друштвото бр. 0202 – 837/1 од 27.06.2022 год. Одборот на директори на Тетекс АД Тетово објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК
## За одржување на Собрание на акционерите на ТЕТЕКС АД ТЕТОВО

**Собранието на акционери на Тетекс АД Тетово ќе се одржи на ден 29.07.2022 год. (петок) со почеток во 12 часот, во салата на Ф-ка конфекција во Друштвото, во Тетово на ул.Браќа Миладинови бр.1.**

**Собранието на седницата ќе работи по следниот**

## Дневен ред

**I Процедурален дел**

1.Отварање на Собранието
2.Избор на претседавач на Собранието
3.Записникот согласно член 407 од ЗТД го води нотар.
4. Избор на бројач на гласови

**II Работен дел**

1. Избор на два члена на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово

**Се повикуваат акционерите на Тетекс АД Тетово, односно нивните законски застапници да учествуваат во работата на Собранието.**

**Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на собранието, до Друштвото.**

**Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштвата и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk**

**Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.**

**Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномоштва од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржувањето на Собранието на акционери.**

**Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 28.07.2022 година, до 13:00 часот. Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет-страницата на Друштвото .**

**Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.**

**Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик .**

**Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.**

**Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред пред и на седницата на собрание на Друштвото.**

**Одговорите на поставените прашања, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.**

**Гласањето на собранието е јавно, а одлуките се донесуваат со потребното мнозинство гласови.**

**Увид во материјалите од дневниот ред може да се изврши секој работен ден од 12.00 до 13.00 часот во деловните простории на Друштвото и на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk**

**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**

**Одбор на директори**